РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-712/18
07-07 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999;
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа на чл.77-е и член чл.77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), член 16 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр.02-677/5 од 18.07.2025 година, член 12 став 2 алинеа 17 и 19 од Статутот на Националната Установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-678/1 од 18.07.2025 година и Предлог на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.04-712/17 од 07.07.2026 година, Директорот на ден 07.07.2026 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидати по Јавен оглас бр.04/2026

По Јавен оглас бр.04/2026 објавен од страна на Националната Установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје за вработување на 3 (три) извршители, даватели на јавни услуги на следните позиции и тоа за работно место со назив на работно место кустос за антчка археологија, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 - 1 (еден) извршител, работно место со назив на работно место кустос за средновековен и османлиски период, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 - 1 (еден) извршител и работно место со назив на работно место конзерватор, со звање на работно место конзерватор со шифра КУЛ 03 04 Д03 003 - 1 (еден) извршител, се избираат кандидатите:

1. За работно место со назив на работно место кустос за античка археологија, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002, се избира кандидатот Илија Бошковски.
2. За работно место со назив на работно место кустос за средновековен и османлиски период, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002, се избира кандидатот Милица Коцева.
3. За работно место со назив на работно место конзерватор, со звање на работно место конзерватор со шифра КУЛ 03 04 Д03 003, се избира кандидатот Перо Кованцалиев.

Изборот на кандидатите е извршен врз основа на Предлог на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.04-712/17 од 07.07.2026 година.

Избраните кандидати ќе засноваат работен однос на работно место со назив на работно место кустос за античка археологија, со звање на работно место кустос со шифра

КУЛ 03 04 Д03 002, на работно место со назив на работно место кустос за средновековен и османлиски период, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 и на работно место со назив на работно место конзерватор, со звање на работно место конзерватор со шифра КУЛ 03 04 Д03 003, со склучување Договори за вработување, кои ќе се склучат по конечноста на оваа Одлука.

За извршениот избор ќе бидат известени избраните кандидати.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб-страната на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје и на огласната табла во установата.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Од страна на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје беше објавен Јавен оглас бр. 04/2026 објавен во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха на 14.05.2026 година како и на веб страницата на Музејот за вработување на неопределено време на 3 (три) извршители, даватели на јавни услуги на следните позиции и тоа за работно место со назив на работно место кустос за античка археологија, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 - 1 (еден) извршител, работно место со назив на работно место кустос за средновековен и османлиски период, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 - 1 (еден) извршител и работно место со назив на работно место конзерватор, со звање на работно место конзерватор со шифра КУЛ 03 04 Д03 003 - 1 (еден) извршител.

Со Решение бр.04-712/14 од 01.07.2026 година беше формирана Комисија за постапка за вработување номинирана од Министерството за култура и туризам со Известување за назначени членови на Комисија за постапка за вработување бр.03-712/13 од 01.07.2026 година.

На ден 06.07.2026 година, Комисијата за постапка за вработување изврши административна селекција на пристигнатите пријави по Јавниот оглас бр.04/2026 како прва фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од извршена административна селекција бр.04-712/15 од 06.07.2026 година.

На ден 07.07.2026 година, Комисијата за постапка за вработување спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју како втора фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од извршена проверка на веродостојност на доказите и интервју бр.04-712/16 од 07.07.2026 година.

На ден 07.07.2026 година, Комисијата за постапка за вработување до Директорот на установата достави Предлог на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.04/2026 бр.04-712/17 од 07.07.2026 година со кој до Директорот му предложи за вработување на работно место кустос за античка археологија, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002, во Сектор за стручни работи, Одделение за античка археологија, се предлага кандидатот Илија Бошковски, кој од сите фази на селекција освои вкупно 90 бодови, за вработување на работно место кустос за средновековен и османлиски период, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002, во Сектор за стручни работи, Одделение за археологија на средновековен и османлиски период, се предлага кандидатот Милица Коцева, кој од сите фази на селекција освои вкупно 80 бодови, за вработување на работно место конзерватор,

со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 003, во Сектор за стручни работи, Одделение за конзервација, се предлага кандидатот Перо Кованцалиев, кој од сите фази на селекција освои вкупно 100 бодови.

Врз основа на сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правно дејствие: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен Одбор на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, во рок од 8 (осум) дена, од приемот на оваа одлука.

Доставено до:
- Архива
- Именуваните

НУ Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
Директор
Магдалена Манаскова